20251012232

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08-2805/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

---

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 92/2007, 147/2008, 161/2009, 127/10, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 288/21 и 170/24) во член 7-е во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Министерството за транспорт по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите одобренија, дали превозниците носители на одобренија ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадено одобрението. Министерството за транспорт ќе донесе решение за одземање на одобрението, ако:“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.